РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1341/2
10.07.2019 год.
КОЧАНИ

Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје
Бр. 08-4166/1
10-07-2019
Скопје

# ДОГОВОР

***за јавна набавка на телекомуникациска услуга – мобилна телефонија***

Склучен помеѓу:

***1. Општина Кочани***, со седиште на ул.„Раде Кратовче„ бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Николчо Илијев /во понатамошниот текст : **Договорен орган** / и

**2. Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје,** со седиште на адреса ул. Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје, претставувано од Директор за деловна продажба Ренато Дивјак (во понатамошниот текст: **Носител на набавката**)

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу **Општина Кочани,** од една страна како договорен орган и **оне.Вип ДООЕЛ Скопје** од друга страна како носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на **Мобилна телефонија** за потребите на договорниот орган (општинската администрација и ТППЕ, Советот на општина Кочани, Претседатели на месни и урбани заедници, основните и средните училишта, матичната библиотека и детската градинка на подрачје на општина Кочани и КЈП „Водовод").
Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од понудувачот (Носителот на набавката), по Огласот за доделување на договор за јавна набавка број 02586/2019 објавен на ЕСЈН, во „ Службен весник на СРМ "бр.126/19, и Одлука за избор на најповолен понудувач од 08.07.2019 година, донесена од одговорното лице на договорниот орган.

Член 2

Со овој договор носителот на набавката му овозможува на договорниот орган пристап на јавната комуникациска мрежа и користење на јавните мобилни комуникациски услуги дефинирани од договорниот орган, согласно усвоената понуда дадена во прилозите на овој договор.
Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на носителот на набавката и договорниот орган, како договорни страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со Законот за електронските комуникации.

Услугите, основните и дополнителни услуги кои се предмет на овој договор како и цената се дефинирани во прилозите на овој договор и се негов составен дел.

Измена на одредена услуга се врши со взаемно потпишување на Анекс кон договорот, со кој се регулира измената.

Измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на договорниот орган како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај носителот на набавката во рок од 15 дена од настанувањето на измената.

Во прилозите на овој договор може да се утврдуваат и посебни услови соодветни на воспоставените деловни односи помеѓу носителот на набавката и договорниот орган.

На барањата на договорниот орган за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, носителот на набавката има обврска да постапи најдоцна еден ден по поднесувањето на барањето.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Целта на овој Договор е набавка на мобилни комуникациски услуги за потребите на договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка. бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год./, согласно усвоената понуда дадена во прилог на овој договор.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 4

Носителот на набавката се обврзува во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на договорниот орган добра и квалитетна услуга,
- обезбеди редовна и непрекината јавна мобилна комуникациска услуга,
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на договорниот орган, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на договорниот орган согласно важечките прописи,
- го поддржува договорниот орган со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги,
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија,
- да постапи по приговор за висина на сметка,
- доколку изврши измена на ценовникот согласно својата деловна политика за дополнителните услуги кои не се опфатени со понудата на носителот на набавката, да го извести договорниот орган,
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос,
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги.

Носителот на набавката има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- ако во роковите утврдени во договорот, договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год./ не го уплати доспеаниот долг кон носителот на набавката, времено да го забрани пристапот до услугите, и во овој случај договорниот орган/ секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год./ е обврзан при повторно вклучување да ги плати трошоците за повторно активирање.
- да доставува редовно месечна фактура по кориснички број, корисник на мобилни комуникациски услуги поединечно со пресметан износ на ДДВ чиј процент за овој вид на услуги е утврден со закон,
- да засмета законска казнена камата од денот кога договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год. /западнал во задоцнување со плаќањето на месечната фактура,

- во случај на повреда на одредбите на овој договор, за тоа да го извести носителот на набавката и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 5

Со засновање на претплатнички однос, договорниот орган има право во согласност со применливите прописи од оваа област:

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии,

- да избере начин за користење на мобилните комуникациски услуги, согласно усвоената понуда дадена во прилогот на овој договор,

- на приговор против одлуките или активностите на носителот на набавката во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.

Договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год./ има обврска во согласност со прописи од оваа област да:

- во рокот означен на сметката да ја плати издадената фактура за месечна претплата и користење на основните и дополнителни услуги, реализираниот сообраќај утврдени со ценовникот на носителот на набавката, како и ДДВ утврден со закон, при што фактурирањето на месечната претплата за основните услуги, како и претплатата за дополнителните услуги се врши однапред за секој месец,

- непримањето на сметката, не го ослободува договорниот орган / секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год./ од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на носителот на набавката и да побара изготвување на истата,

- да ги користи комуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ја користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор,

- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со носителот на набавката,

- да го извести носителот на набавката за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, носителот на набавката не презема никаква одговорност,

- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на носителот на набавката,

- ги почитува упатствата на носителот на набавката во поглед на користењето на услугите.

ЦЕНИ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

Вредноста на овој договор изнесува најмногу 4.034.400,00 денари без ДДВ, односно 4.760.592,00 ден. со ДДВ согласно одлуката за јавна набавка во која се наведени и поединечни вредности за секој договорен орган кој е вклучен во набавката.

Договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка/ е должен да му исплатува на носителот на набавката износ во денари месечно по извршена услуга, во рок од 30 дена по достава на фактура на адресата на договорниот орган/ секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка бр.05-1134/1 од 23.05.2019 год.

Член 7

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви во мрежата на Носителот на набавката согласно овој Договор – ОНЕ.ВИП ДООЕЛ, се вклучени во понудените цени.

Член 8

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги, објавени на неговата официјална веб страна.

Член 9

Договорниот орган /секој деловен субјект, договорна страна на договорот за извршување на групната набавка / има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со актите на Носителот на набавката.

Член 10

Мобилниот оператор доделува субвенција за телекомуникациска терминална опрема согласно финансиската понуда на Носителот на набавката.
Договорниот орган ќе користи 1000 (илјада) мобилни претплатнички линии. За зголемување на бројот на линии потребно е одобрување од Носителот на набавката.

Начин, место и рок на извршување на услугата и испорака на апаратите

Член 11

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го изврши на следниов начин :

- набавката на услугата ќе биде сукцесивна, во зависност од динамика на потребите за претплатнички линии на Договорниот орган, а испораката на телефонските апарати ќе се врши по нарачка во рок од 7 / седум / дена, сметано од денот на нарачката од Договорниот орган – франко седиште на сите деловни субјекти-корисници на услугата.

Нарачката, како за потребите на претплатничките линии, така и за телефонските апарати ќе ја врши секој деловен субјект, засебно.

Член 12

Опремата од член 10 по нејзиниот прием од страна на договорниот орган, станува сопственост на договорниот орган и носителот на набавката нема право да бара нејзино враќање и по истекот на важноста на овој договор.

Гарантен период, техничка поддршка -сервисирање

Член 13

За квалитетот и гаранцијата на испорачаните телефонски апарати, во поглед на содржината и рокот, важи гаранцијата од производителот, со тоа што Носителот на

набавката е должен сета документација за квалитетот и гаранциите на производителот на апаратите, заедно со упатствата за употреба, да ги прибави и да му ги предаде на Договорниот орган (сите корисници на групната набавка), при испорака на истите.

Во гарантниот период Овластениот сервис без надоместок ќе врши корективно одржување на телефонските апарати со потребните резервни делови и сервисни услуги доколку ваквото одржување е во согласност со гарантните услови пропишани со самата гаранција.

Овластениот сервис се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаните телефонски апарати кои настанале при нивно нормално користење.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на пријава (писмена,телефонска или електронска) од корисникот на услугата, а по потпишан сервисен протокол од страна на двете договорни страни.

При појавување на дефект, со поправка на иститот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна наредниот работен ден од приемот на потпишаниот сервисен протокол, а поправката треба да се заврши најдоцна во рок од 30 (триесет) дена. Во тој рок Овластениот сервис или Носителот на набавката е должен да даде замена на користење друг соодветен телефонски апарат.

Носителот на набавката, е должен на своја сметка да ја пренесе телефонските апарати до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетиот телефонски апарат/иму го/ги врати назад на корисникот на услугата.

За тоа време Носителот на набавката, го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на телефонскиот апарат.

Резервните делови за телефонските апарати ги обезбедува овластениот сервис.

Евентуално заменетите делови останувaат во овластениот сервисот.

Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува за онолку денови колку што е времетраењето на поправката на телефонскиот апарат.

Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање е извршена замена на телефонскиот апарат, гарантниот рок почнува повторно да тече од замената на телефонскиот апарат.

ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК

Член 14

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик кај Давателот на универзална услуга да може да дава податоци на заинтересирани страни.

ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА

Член 15

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги обезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ



15

Член 16

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

ПРОМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Носителот на набавката има обврска за известување на договорниот орган за планираните измени за условите од овој договор, во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените.
Се смета дека договорниот орган се согласил со промената на условите на договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести носителот на набавката дека го раскинува договорот.

Раскинувањето на договорот не го ослободува договорниот орган од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој договор.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 18

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.
Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од триесет дена,
- Доколку Договорниот орган не ги плаќа редовно фактурите издадени од страна на Носителотна набавката.

Член 19

Во случај на предвремено раскинување на договорот или деактивирање на дел или сите претплатнички линии пред истекот на договорниот период по барање на договорниот орган, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му го исплати износот на субвенцијата за секоја од деактивираните линии.

ВИША СИЛА

Член 20

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие настанување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникацискиот систем и сл.
Носителот на набавката не сноси никаква одговорност кон договорниот орган поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Договорот влегува во сила со денот на неговото потпишување и има важност 2 (две) години од денот на потпишувањето.

Сите дополнителни претплатнички линии на договорниот орган кои ќе бидат активирани по потпишување на договорот, а во рамките на неговото времетраење, имаат важност до истекот на овој договор.

Член 22

Овој договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на максималната вредност од членот 6 од овој Договор, за што договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката.

Член 23

Во случај на спор, надлежен е стварно и месно надлежен суд.
За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применат соодветните одредби од Законот за облигационите односи и Законот за електронските комуникации.

Член 24

Договорот е составен во 6 (шест) еднакви примероци од кои 4 (четири) примерока за Договорниот орган, а 2 (два) примерока за Носителот на набавката.

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**Општина Кочани**
**Градоначалник**
**Николчо Илијев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА**
**ОНЕ.ВИП ДООЕЛ Скопје**
**Директор за деловна продажба**
**Ренато Дивјак**

vip
Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје
1

Прилог на договорот се техничка спецификација и понуда поднесена преку ЕСЈН

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за ИКТ и ГИС –Зоран Христов*

## III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на огласот објавен од страна на Општина Кочани, за доделување на договор за јавна набавка на услуги за

**Мобилна телефонија**

со спроведување на Поедноставена отворена постапка, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација која ја преземавме од договорниот орган од ЕСЈН, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

### III.1. ОПШТ ДЕЛ

III.1.1.Име на понудувачот: **оне.Вип ДООЕЛ Скопје**

III.1.2. Контакт информации

- Адреса: Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје
- Телефон: 075448664 / 075423355
- Факс: 02/ 3211066
- Е-пошта: tenders2@onevip.mk
- Лице за контакт: Катерина Нечовска / Андонија Карасарлидис

III. I.3. Одговорно лице:

- Мислав Галер п.п. Извршен директор
- Златко Стојчески п.п Раководител за корпоративни и правни прашања

Овластено лице: Ренато Дивјак – директор за деловна продажба
Овластено лице за дигитален потпис: Катерина Нечовска

III.1.4. Даночен број: 4080015554205 ЕМБС 7068310

III.1.5. Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со спецификацијата, составен дел на тендерската документација, а која спецификација ќе биде и составен дел на понудата (техничка понуда).

### III.2. Финансиска понуда

Нашата понуда е составена од следниве елементи :

### III.2.1 ЛИСТА НА ЦЕНИ

Детален приказ на цените на нашата понуда со сите трошоци и попусти е даден во следнава листа на цени:

Табела за внесување на понудени цени :

Друштво за комуникации и услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Назив | Единица мерка | Коли чина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ<br>(3*4) | ДДВ |
| Цена на месечна претплата за линиите од Пакет 1. | Денари/ Линија | 1 | 0,01 | 0,01 | 0,0018 |
| Цена на минута разговор кон сопствена мрежа по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата за линиите од Пакет 2, Пакет 3, Пакет 4, Пакет 5 и Пакет 6 | Денари/ Минута | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Цена на минута разговор кон национални фиксни оператори за Пакет 1, а за Пакет 2, Пакет 3, Пакет 4, Пакет 5 и Пакет 6 по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата | Денари/ Минута | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Цена на минута разговор кон останати национални мобилни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата за линиите од Пакет 4, Пакет 5 и Пакет 6 | Денари/ Минута | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Цена на 1 СМС порака по надминување на вклучените бесплатни СМСи во рамки на месечната претплата од Пакет 4, Пакет 5 и Пакет 6 | Денари/ СМС | 1 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | **Вкупна цена на листата без ДДВ (збир од сите единечни цени во колона 5)***<br>**0,01** | | | | |
| | Со зборови: нулазапирканулаеден | | | | |

* **Напомена**: Цената треба да се изрази на две децимали. Доколку понудувачот ја изрази цената со повеќе од две децимали, комисијата ќе ја смета цената до втората децимала/со заокружување/. Најниска можна понудена вкупна цена , како збир од сите единечни цени е 0,01 денар без ДДВ.
Секоја понуда која нема да ги задоволи овие услови ќе биде отфрлена како неприфатлива.

vip
Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје

III.2.2 Сите задолжителни минимални критериуми /услови утврдени во техничката спецификација.

III.2.3 Изјава за исполнување на условите за способност или документација со која се докажуваат условите од т.2.2;

III.2.4 Документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност ;

III.2.5 Изјава за сериозност на понудата ;

III.2.6 Пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува);

III.2.7 Писмено овластување за претставникот на група на економски оператори, (доколку станува збор за група понудувачи).

III.2.8 Ги прифаќаме начинот и рокот на извршување на услугата и за испорака на телефонските апарати, утврдени во тендерската документација.

III.2.9 Го прифаќаме рокот за пренесувањето на телефонските броеви, без прекин на мобилните комуникациски услуги, согласно начинот и постапката на важечкиот правилник за преносливост на броеви.

III.2.10 Сите услуги кои не се прикажани во финансиската и техничката понуда ќе се тарифираат согласно официјалниот ценовник за постпејд услуги, во моментот на обезбедување на услугата.

III.2.11 Сите трошоци за пренесувањето на постоечките броеви со префиксот ќе бидат вклучени во понудените цени.

III.2.12 Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација.

III.2.13 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.2.14 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Место и датум

Скопје, 19.06.19

Одговорно лице

Ренато Дивјак

Директор за деловна продажба

(потпис и печат)

Друштво за ... услуги

оне.Вип ДООЕЛ Скопје

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Katerina Nechovska

Digitally signed by Katerina Nechovska
DN: o=one.Vip DOOEL Skopje, c=MK, email=katerina.necovska@onevip.mk, sn=Nechovska, givenName=Katerina, cn=Katerina Nechovska
Date: 2019.06.19 14:58:24 +02'00'

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

## II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

- Набавката се однесува за 1000 мобилни претплатнички линии. При потпишување на Договорот, Договорниот орган ќе користи најмалку 1000 претплатнички линии. Носителот на набавката безусловно ќе допушти зголемување/намалување на бројот на претплатничките линии од најмногу 20 % по барање на официјално лице од Договорниот орган. За потребата за обезбедување на повеќе од овој број на линии, договорниот орган потребно е да добие претходна согласност од Носителот на набавката.

Предмет на договорот за јавна набавка е ***Мобилна телефонија*** за потребите на општинската администрација и ТППЕ , Советот на општина Кочани, Претседатели на месни и урбани заедници, основните и средните училишта, матичната библиотека и детската градинка на подрачје на општина Кочани, КЈП „ Водовод " Кочани.

| *Ред.бр.* | *Име на корисник на услугата* | *број на претплатнички линии* |
|---|---|---|
| | | |
| *1.* | *Основни и средни училишта, библиотека и детска градинка* | **529** |
| 1.1 | ОУ „Никола Карев" | 45 |
| 1.2 | ОУ „Св. Кирил и Методиј„ | 83 |
| 1.3 | ОУ „Раде Кратовче" | 60 |
| 1.4 | ОУ „Малина Поп Иванова" | 47 |
| 1.5 | ОУ „Крсте Петков Мисирков" | 31 |
| 1.6 | СОУ „Љупчо Сантов" | 77 |
| 1.7 | СОУ „Гошо Викентиев" | 95 |
| 1.8 | ЈОУ „Библиотека Искра" | 10 |
| 1.9 | ЈОУДГ „Павлина Велјанова" | 81 |
| | | |
| *2.* | *Општина Кочани* | **172** |
| 2.1 | Општина Кочани и ТТПЕ | 133 |
| 2.2 | Совет на Општина Кочани | 19 |
| 2.3 | Претседатели на месни и урбани заедници | 20 |
| | | |

Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје

Општина Кочани
*Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија*
*тел. +389(0)33/274-001 • факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

| | | |
|---|---|---|
| *3.* | *КЈП „ Водовод “ Кочани* | **299** |
| | | |
| | ***Вкупно:*** | **1.000** |

**МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА (за сите тарифни модели):**

**Задолжителни услови:**

- Сите СИМ картички да бидат во иста група во рамките на компанијата (CUG) и по линија задолжително да има неограничени бесплатни минути секој месец за разговори во рамките на компанијата (не смее да има никаков надомест).
- Моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач.
- Услугата за телефонски повици Понудувачот треба да ја нуди на целата територија на РМ.
- Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги.
- Целосно покривање на трошоци за преносливост на броеви при евентуална промена на операторот.
- Надоместокот за воспоставување на повик кон национални мрежи не смее да се наплатува.

**Пакет 1:**
**Тарифен модел со месечна претплата до 50 денари без вклучен ДДВ за 575 мобилни претплатнички линии**

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 50 денари без вклучен ДДВ по линија.
- Цената за минута разговор кон сите национални мобилни (и сопствената) мрежи не смее да биде повисока од 2,60 денар/минута без вклучен ДДВ.
- Цената за СМС порака кон сите национални мобилни мрежи да не биде повисока од 2,00 денари без вклучен ДДВ.
- За секоја линија да следува еден бесплатен телефонски апарат, при што економскиот оператор треба да понуди избор од минимум 2 (два) модели на телефонски апарати од кои ќе може да се одбере со секоја линија од овој пакет.

**Пакет 2:**
**Тарифен модел со месечна претплата од 150 денари без вклучен ДДВ за 141 мобилни претплатнички линии**

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 150 денари без вклучен ДДВ по линија.

vip
Друштво за комуникациски услуги
оне.Вип ДООЕЛ Скопје

Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
тел. +389(0)33/274-001 • факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 500 бесплатни минути за разговори кон сопствената мрежа на економскиот оператор.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 100 бесплатни минути за разговори кон националните фиксни оператори.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 30 бесплатни минути за разговори кон останатите национални мобилни мрежи.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минумум 1 GB 4G бесплатен интернет сообраќај во национална мрежа на операторот.
- Цената за СМС порака кон сите национални мобилни мрежи да не биде повисока од 2,00 денари без вклучен ДДВ.
- Цената за минута разговор кон сите национални мобилни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата не смее да биде повисока од 2,40 денар/минута без вклучен ДДВ.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 3000 денари со вклучен ДДВ. Износот за субвенција за повеќе линии да може да се сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).

**Пакет 3:**
**Тарифен модел со месечна претплата од 300 денари без вклучен ДДВ за 124 мобилни претплатнички линии**

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 300 денари без вклучен ДДВ по линија.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минимум 600 бесплатни минути за разговори кон сопствената мрежа на економскиот оператор.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 300 бесплатни минути за разговори кон националните фиксни оператори.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 120 бесплатни минути за разговори кон останатите национални мобилни мрежи.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 2 GB 4G бесплатен интернет сообраќај во национална мрежа на операторот.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минумум 100 СМС пораки кон националните мобилни мрежи.
- Цената за СМС порака кон сите национални мобилни мрежи да не биде повисока од 2,00 денари без вклучен ДДВ.
- Цената за минута разговор кон сите национални мобилни мрежи по надминување на вклучените бесплатни минути во рамки на месечната претплата не смее да биде повисока од 2,40 денар/минута без вклучен ДДВ.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 4000 денари со вклучен ДДВ. Износот за субвенција за повеќе линии да може да се сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).

**Пакет 4:**

Друштво за ... оне.Вип ДООЕЛ Скопје

Општина Кочани
*Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија*
*тел. +389(0)33/274-001 • факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

**Тарифен модел со месечна претплата од 400 денари без вклучен ДДВ за 40 мобилни претплатнички линии**

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 400 денари без вклучен ДДВ по линија.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минимум 700 бесплатни минути за разговори кон сопствената мрежа на економскиот оператор.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 500 бесплатни минути за разговори кон националните фиксни оператори.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 500 бесплатни минути за разговори кон останатите национални мобилни мрежи.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минумум 5 GB 4G бесплатен интернет сообраќај во национална мрежа на операторот.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 300 СМС пораки кон националните мобилни мрежи.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 4500 денари со вклучен ДДВ. Износот за субвенција за повеќе линии да може сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).

**Пакет 5:**

**Тарифен модел со месечна претплата од 500 денари без вклучен ДДВ за 110 мобилни претплатнички линии**

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 500 денари без вклучен ДДВ по линија.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минимум 700 бесплатни минути за разговори кон сопствената мрежа на економскиот оператор.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 500 бесплатни минути за разговори кон националните фиксни оператори.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 500 бесплатни минути за разговори кон останатите национални мобилни мрежи.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минумум 10 GB 4G бесплатен интернет сообраќај во национална мрежа на операторот.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 500 СМС пораки кон националните мобилни мрежи.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 7000 денари со вклучен ДДВ. Износот за субвенција за повеќе линии да може сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).

**Пакет 6:**

**Тарифен модел со месечна претплата од 1000 денари без вклучен ДДВ за 10 мобилни претплатнички линии**

Друштво ... услуги
... Вип ДООЕЛ Скопје

**Општина Кочани**

*Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија*
*тел. +389(0)33/274-001 • факс. +389(0)33/273-542*
*www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk*

- Месечната претплата по мобилна претплатничка линија не смее да биде повисока од 1000 денари без вклучен ДДВ по линија.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 1000 бесплатни минути за разговори кон сопствената мрежа на економскиот оператор.
- Во рамките на месечната претплата да се вклучени минимум 1000 бесплатни минути за разговори кон националните фиксни оператори.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 1000 бесплатни минути за разговори кон останатите национални мобилни мрежи.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 18 GB 4G бесплатен интернет сообраќај во национална мрежа на операторот.
- Во рамките на месечната преплата да се вклучени минумум 1000 СМС пораки кон националните мобилни мрежи.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 15000 денари со вклучен ДДВ. Износот за субвенција за повеќе линии да може сумира и да се искористи по потреба на Договорниот орган за набавка на мобилни телефони кои ги нуди економскиот оператор по неговите малопродажни цени (пост-пејд цени за мобилни телефони).

**Спецификатор**
**Горан Јаневски**

Katerina Nechovska

Digitally signed by Katerina Nechovska
DN: o=one.Vip DOOEL Skopje, c=MK, email=katerina.necovska@onevip.mk, sn=Nechovska, givenName=Katerina, cn=Katerina Nechovska
Date: 2019.06.19 14:58:56 +02'00'

Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДООЕЛ Скопје
1